РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национален координативен центар за гранично управување
Бр. 36-154
17.06. 2021 год.
СКОПЈЕ

Здружение на превозници
ТРАНСПОРТ ЛЕГИС
Бр. 13-21
17.06. 2021 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## МЕЃУ

## НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ – СКОПЈЕ

## И

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕВОЗНИЦИ ТРАНСПОРТ ЛЕГИС-СКОПЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје,17 .06.2021

1. **ЦЕЛ**

Заради подобрување на условите за меѓународен и внатрешен транспорт на патници, со цел да се постигне зголемување на растот и продуктивноста во овој сектор во насока спречување на корупцијата и сивата економија на граничните премини.

Овој Меморандум за соработка (во натамошен текст: Меморандум) ја опишува соработката помеѓу:

**Здружение на превозници -Транспорт Легис** -Скопје

и

**Национален координативен центар за гранично управување** - Скопје при Влада на Република Северна Македонија

Меморандумот се потпишува со цел да се воспостави ефикасна и координирана соработка помеѓу НКЦГУ и Здружение на превозници Транспорт Легис-Скопје (договорните страни).

**Национален координативен центар за гранично управување - Скопје** е координативно тело на Владата на Република Северна Македонија, кое има за цел ефикасна координација, олеснување на размената на податоци и информации помеѓу надлежните институции кои имаат ингеренции во Интегрираното гранично управување.
Ова тело со својата активност го воспостави и надгледува системот за Интегрирано гранично управување со кој се овозможува олеснување на протокот на лица преку државната граница, согласно европските стандарди и најдобрата пракса, како организирани и координирани мерки во надзорот на законитоста на влезот и излезот на лица и превозни средства, спречувањето и откривањето на организираниот криминал спречувањето на лица и сторители на кривични дела и сите видови на шверц преку граничните премини.

2. **УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ**

За да се издигне на највисоко ниво борбата со корупцијата, сивата економија и оневозможување на илегалната трговија со мигранти за да помогне во подобрување на продуктивноста и успешноста на Здружението на превозници Транспорт Легис и Национален координативен центар за гранично управување ќе соработуваат на следниот начин:

**Здружение на превозници Транспорт Легис :**

- Ќе овозможи преку ИТ апликацијата, возачите преку нивните превозни трговски друштва 24/7 да пријавуваат застои и отежнато одвивање на сообраќајот на граничните премини,

- овозможи преку ИТ апликација, возачот преку превозните трговски друштва 24/7 да пријавуваат можна корупција и илегален транспорт на граничните премини, во Република Северна Македонија, но и на граничните премини во останатите држави во Европа.

- овозможи преку ИТ апликација возачот доколку на авто патиштата во Република Северна Македонија или Европа забележи утовар или истовар на мигранти со превозни средства за истото во реално време преку апликацијата на Здружението на превозници Транспорт Легис за настанот да извести, а Здружението на превозници Транспорт Легис ваквата примена информација во реално време да ја достави до НКЦГУ за натамошно постапување на надлежните институции по истата.

- преку ИТ апликацијата ќе се прибираат податоци преку кои ќе се креираат анализи на ризик како основ за надминување на повторувачки проблеми на граничните премини во државата и надвор од нејзините граници,

- ги користи внатрешните ресурси и ќе разменува извештаи, мислење, ставови и предлози со Национален координативен центар за гранично управување во спроведување на взаемни активности за анулирање на штетни влијанија во процесот на побрз проток на патници на граничните премини како и анализа на ризик за рано предупредување за можна злоупотреба на превозниците од страна на криумчарите на луѓе.

**Национален координативен центар за гранично управување ќе:**

- дава поддршка во промоција на ИТ апликацијата и нејзино прифаќање како релевантен извор на информации во рамките на државните институции;

- ќе овозможи соодветна анализа на ризик и споделување на информациите во реално време до надлежните институции врз основа на извештаите кои ќе се креираат преку ИТ алатката за надминување на последиците од корупција,застој и отежнат проток на патници при влез и излез на граничните премини на Р. Македонија;

- ќе овозможи применените информации за можна корупција на граничните премини веднаш да бидат доставени до надлежните институции, а информациите кои се однесуваат за можна корупција на граничните премини ширум Европа преку надлежните институции да бидат доставени до земјите на чие подрачје се одвива настанот со цел спроведување и истрага од нивна страна како и ќе изготвува анализи и истите ќе ги доставува до надлежните институции врз основа на извештаи кои ќе се креираат преку ИТ алатката за надминување и сузбивање на елементи на можна корупција;

- ќе споделува информации за застои и отежнато одвивање на сообраќајот на гранични премини како во Република Северна Македонија како и информации од земјите во регионот со кои НКЦГУ има потпишано Меморандум за соработка, проблеми, пречки кои влијаат на побрз проток на превоз на патници до надлежните институции (Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Царинска управа на Република Северна Македонија).

- се залага во меѓународни рамки да споделува информации со Сектор за меѓународна полициска соработка при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за можна корупција и сива економија како и проблеми на граничните премини на други држави, односно и за појава на корупција на регионално и европско ниво како мерка за координирана активност со други национални тела од оваа област.

- Од страна на Здружението на превозници Транспорт Легис во Република Северна Македонија во реално време во електронски формат до НКЦГУ ќе бидат доставени сите информации кои се однесуваат за коруптивни кривични дела кои се случуваат на гранични премини во Република Северна Македонија и странските гранични премини.

## 3. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### А. Јавност

Учесниците имаат намера да соработуваат во објавувањето на резултатите од активностите согласно овој Меморандум и да обезбедат соодветен публицитет за поддршката.

## Б. Измени и престанок

Овој Меморандум може да се измени или да се модифицира во писмена форма од страна на договорените страни. Истиот може да го прекине своето учество во овој Меморандум со поднесување на писмено известување до другиот учесник во рок од триесет (30) дена.

## Г. Датум и рок на стапување на сила

Овој Меморандум стапува во сила од денот на потпишување од страна на потписниците.

## Д. Претставници

Потписниците треба да бидат застапувани од оние кои имаат позиција или извршуваат функција и се потписници на овој Меморандум. Секој Учесник може, со писмено известување до другата страна, да ги идентификува дополнителните претставници овластени да го застапуваат тој учесник за сите цели, освен извршување на формални измени на овој Меморандум. Секој потписник треба да го извести другиот потписник писмено за промените на овластените претставници.

## Ѓ. Јазик

Овој Меморандум е подготвен на македонски и албански јазик, во два идентични примероци за секој вклучен учесник.

Склучен во Скопје, јуни.2021 година

Д-р Владимир Пивоваров
Национелен координатор за интегрирано гранично управување

Г-дин Јован Матеничарски
Претседател на Здружение на превозници Транспорт Легис